Д-р Константин ПЕТРОВ

# ТИПОНИМИЈАТА И КАРАКТЕРОТ НА АПСИДАЛНИТЕ КОНСТРУКЦИИ ВО НЕСАКРАЛНИТЕ ГРАДБИ ВО СТОБИ

## I ДЕЛ

Прифаќањето на сосема основаната, инаку познатата, констатација дека Стоби е најпроучениот римски и рановизантиски град во Македонија е без двојба. Ваквата оцена се темели не само врз долгогодишните ископувања и врз впечатливата големина на ископаниот простор, или само врз разновидната бројност на откриените објекти, туку особено и врз големиот број на скорешни и современи публикации со значајни резултати од испитувањата.

Досега проучениот градски комплекс овозможува определено согледување важноста на стобската макролокација сред крстопатот на комуникационите магистрали: Naissus — Thessalonice и Heraclea — Sardica и микролокациско опирање на двете реки Axios и Erigon, погодни за безбедната фортификација на градот. Во непосредна обусловеност од овие компоненти се формираат пред сè урбанистичките особености на градот, а несомнено и бројноста на монументалните сакрални и профани градби и нивната богата и разновидна декорација. Меѓутоа, досегашната претстава за градот е само дел од сликата што уште треба да се надополни за Стоби, бидејќи иако им е на некои битности веќе посветено внимание, остануваат уште многу несогледани, или неоценети вредности и особености од урбанистичките, архитектонските и декоративните богатства на градот, како и неразјаснети прашања што чекаат одговор и решение.

Меѓу таквите прашања досега потполно неначнат и неотворен е и проблемот за суштината и уметничкото место на дваесет и две апсидални конструкции во палати, јавни згради и куќи во Стоби. Ваквата забележлива бројност на апсидалните конструкции наметнува претпоставка за неслучајната појава на оваа уметничка градежна форма, која што во Стоби секако

се распространила заради битни причини, вткаени во множината на уметнички, културни и економски компоненти.

Врз ваквата претпоставка израснуваат низа други важни прашања чии одговор би ги разјасниле корените на овие архитектонски особености обусловени не само од изворите на влијанијата и уметничка дорастеност на интерпретаторите, туку и од финансиските средства на збогатените нарачувачи со рафинирани изискувања.

Во барање и изнаоѓање на одговорите на овие прашања можно е низ една дедукција да биде разјаснета провениенцијата на апсидалната конструкција, нејзиното модифицирање во применувањето и нејзиното функционално и естетско место во градбите.

За средишното прашање што овде се разгледува, за појавата на апсидалните конструкции во стобските градби, секако дека немаат непосредно влијание ретките и спорадични протогени градби на апсиди од предримската архитектура. Меѓутоа, појавата и зачестеното изведување на апсиди во доцноримскиот период во Рим, во Италските градови и во центрите на римските провинции, ќе се одрази со евидентно влијание врз концепирањето на оваа уметничка форма во Стоби два, три и четири века подоцна, во рановизантискиот период.

Апсидата, новата уметничка конструктивна форма што ќе стане прифатен, вообичаен и речиси типичен елемент во римските и доцноримските палати, јавни згради, терми и полуксузни куќи е условена од неколку определувачки, инаку познати и разбирливи причини: статички, уметнички и наменски.

Во некои градби статичките причини произлегувале од потребата да се компензира тежината од повисоките слоеви земја, и со една полукружна конструкција да се прифати притисокот и потоа распореден по целата лачна линија да се пренесе во бочните основи на лакот. Во други градби уметничката концепција наметнувала раздвижено обликување и трансформирање на внатрешниот простор со алтернација на континуираниот ѕид во конкавен, а квадратниот простор во полукружен. Во тесна врска со уметничката концепција е и намената на дворaните предназначени за разновидни свечени прилики.

На специфичната материја на апсидалните конструкции и апсидалните простории не ѝ се посветени ексклузивни научни творби. Меѓутоа, апсидата е проучувана и разгледувана во многу општи прегледи напоредно со другите диспозициони и конструктивни делови на римските, односно доцноримските терми, други јавни градби, палати и значајни приватни домови[1]).

---

[1]) I. Durm, Die Baukunst der Römer, Stocarda, 1905; E. Pfretschner, Die Grundrissentwicklung der römischen Thermen, Strassburg, 1909; U. Monneret de Villard, L'architettura romana agli ultimi secoli dell'Impero, Milano, 1915; K. Swoboda, Römische und romanische Paläste, Wien, 1919;

Повеќето проучувачи што ѝ посветуваат внимание на конструкцијата на апсидата и покрај извесни разидувања во оценувањето, не ја одбиваат претпоставката за три најчести вида на апсидални конструкции: I — во полн правоаголен ѕид, потоа II — со зајакнување на пиластри и III — со слободен полукружен ѕид. Врз основа на ваквото претпоставување на типската разновидност сметам дека е прифатливо разгледувањето на апсидите во три основни конструктивни форми како: тип, I, тип II и тип III.

Според ваквата прелиминарна типска распределба во првиот тип би биле определувани апсидите конструирани во јака и голема ѕидна маса на кубус или паралелопипед, сл. 1. Ваков



СЛ. 1 — АПСИДАЛНА КОНСТРУКЦИЈА ОД I ТИП

тип е познат и се среќава во Рим во повеќе градби[2]), од кои овде ја издвојувам бањата Thermae Caracallae со осум апсиди од тип I[3]). Во Италските градови овој тип на апсиди е исто така бројно застапен[4]), меѓу кои го одделувам примерот на

G. T. Rivoira, Architettura romana, Milano, 1921; G. Giovannoni, La tecnica della costruzione presso i Romani, Roma, 1925; T. Ashby, The Architecture of ancient Rome, London, 1927; L. Adler, Washmuths Lexikon der Baukunst, I, Berlin, 1929; G. Giovannoni, Contributo ala tecnica dele costruzioni romane a volta, Pavia, 1930; G. Lugli, I monumenti antichi di Roma e Suburbio, Roma, 1931, 1934.

2) Кон тип I од апсидалните конструкции припаѓаат осумте апсиди во Thermae Diocletianae (P. Ducati, L'Arte classica, Torino, 1944, Fig. 856; Б. Несторовић, Архитектура старог века, Београд, 1952, сл. 659), потоа шесте апсиди во Thermae Neronianae и апсидата во Thermae Agripinae) V. Ferrari, Enc. It., Termale — Architettura,), и седумте апсиди во палатата Domus Aurea (A. Ceccheli, Enc. It., Roma).

3) P. Ducati, o. c., f. 843; R. Hamann, Geschichte der Kunst, Berlin, 1957, Abb. 885 a.

4) Од овој тип I е апсидата во Casa di Pansa (T. Warscher, Pompei, Berlin — Leipzig, 1925, Abb. 8), потоа апсидата во caldarium-от на форумските терми во Помпеи (P. Grimal, Les villes romaines, Paris, 1954, fig. 21) и повеќе ниши во Villa Hadriana во Tivoli во Lacio (G. Minucci, Enc. It, Bagno).

апсидата во Casa di Labirinto во Помпеи[5]). Овој тип I на апсиди е распространет и во центрите на римската провинција[6]), меѓу кои го нагласувам примерот на осумте апсиди во Magnae thermae septentrionales во Тимгад во Алжир[7]).

Во литературата не се споменуваат варијанти од тип I, или пак можности за варирање, иако таквото варирање не е исклучено во објекти, во кои кубусот или паралелопипедот за тип I се заменети со инакви облици. Работењето на оваа материја ми укажа на можност да предложам нова варијантна форма од тип I, што ја именувам како I —В. Апсидите од оваа варијантна форма I — В изведени во силно зајакната ѕидна маса со полукружна основа, сл. 2, имаат извесна блискост со тип I,



СЛ. 2 - АПСИДАЛНА КОНСТРУКЦИЈА
ОД ВАРИЈАНТНА ФОРМА I В

во смисла на сигурната статика. Поредбено оценувано апсидите од варијантна форма I — В не се многу често интерпретирани, но кога се изведувани, тогаш е тоа предимно во терми. Во Рим, на пример, во Thermae Neronianae има две такви апсиди со ниши однатре[8]); во Помпеи во Thermae Stabianae caldarium-от е со една таква апсида[9]); две апсиди од варијантната форма I — В има во Magnae thermae septentrionales во Тимгад[10]).

Според типското распределување, понатаму, има апсиди од тип II кои се конструирани со радијално поставени пиластри, вградени во полукружниот апсидален ѕид како надворешни за-

---

[5]) T. Yarscher, o. c., Abb, 16.

[6]) Од тип I е една апсида во Magnae thermae orientales во Тимгад — Алжир (P. Grimal, o. c., fig. 1, според Ch. Courtois, Timgad — Thamugadi, Alger, 1951), потоа шесте апсиди со ниши однатре во Templum Iovis во Baalbeck, Либанон (P. Ducati, o. c., f. 757) и двете апсиди во Thermae Trevirianae, во Trier, Германија (G. Minnucci, o. c.).

[7]) P. Grimal, o. c., fig 22.

[8]) V. Ferrari. o. c., 556.

[9]) H. Mužik, F. Perschinka, Kunst und Leben im Altertum, Wien — Leipzig, 1909, S. 78, Abb. 1.

[10]) R. Grimal o. c., fig. 22.

јакнувања, сл. 3. Меѓутоа, иако е во литературата навестен ваков тип II, неговата интерпретација е мошне ретка во Рим, во Италските градови и во провинциските центри.



СЛ.3 - АПСИДАЛНА КОНСТРУКЦИЈА ОД II ТИП

Обавените испитувања на оваа материја ми овозможуваат, натаму, да објаснам уште две варијантни форми на апсиди од тип II, што досега во литературата не биле класифицирани. Апсидите од првата варијантна форма, именувани со II — B, сл. 4, како своевидност имаат ѕидови што под различни агли однадвор го допираат полукружниот ѕид и во одредена мера ја вршат функцијата на зајакнување. Инаку, апсидите од оваа варијантна форма II — B, кои што се всушност со една статичка коректура во изведбата, се мошне ретко интерпретирани во Рим, во Италските градови и во центрите на римските провинции.



СЛ.4 - АПСИДАЛНА КОНСТРУКЦИЈА ОД II B ВАРИЈАНТНА ФОРМА

Апсидите од втората варијантна форма тип II, именувани како варијантна форма II — C, се контруирани со апсидален полукружен ѕид кој што на три места се потпира на ѕидовите

од правоаголната одаја, сл. 5. Навидум, апсидите од оваа варијантна форма II — C, изгледаат како модифицирана варијанта од тип I, меѓутоа, битната разлика, што полукружниот ѕид и кубусот не чинат една маса туку два автономни дела, дава право да се диференцира варијантна форма. Иако апсидите од оваа варијантна форма II — C не се класифицирани во литературата, тие се среќаваат многу често во изведувањето на римските градби[11]), меѓу кои, како пример, ја издвојувам апсидата во Curia Iulia на Forum Romanum[12]).



СЛ.5 -АПСИДАЛНА КОНСТРУКЦИЈА.
ОД II C ВАРИЈАНТНА ФОРМА

За последниот, третиот тип апсиди, како што веќе е речено, има навестувања во литературата. Според нив, апсидите од овој тип III имаат полукружен ѕид конструиран слободно на почвата и во просторот, со рамени ѕидови во основите на лакот како релативно бочно зајакнување, сл. 6. Апсидите од овој тип III се вонредно бројно застапени и во Рим и во Итал-



СЛ. 6 -АПСИДАЛНА КОНСТРУКЦИЈА ОД III ТИП

11) Апсиди од варијантната форма II-C има северозападната дворана во Domus Augusti на Палатин (H. Mužik, F. Perschinka, o. c., Abb. 1), и во Palatium Flavii на Палатин (V. Golzio, Enc. It., Abside,).

12) H. Mužik, F. Perschinka, o. c., S. 5, Ab. 2).

ските градови и во центрите на римските провинции. Меѓу многубројните апсиди од овој тип III што се изведени во Рим[13]), ја издвојувам, како пример, апсидата на Basilica Constantiniana на Forum Romanum[14]). Во Италските градови меѓу многуте апсиди од тип III[15]), ја одделувам апсидата од зградата Eumachia на Forum Po peanum[16]), а меѓу бројните апсиди од овој тип III во провинцијата[17]) ги приведувам апсидите во Palatium Trevirianum во Trier, Германија[18]).

Во литературата не се навестува никаква варијанта за апсидите од тип III, иако би можела да се претпостави можност за варирање. Од согледувањата во ова испитување предложувам форма III — B. Апсидите од оваа варијантна форма III — B имат полукружен ѕид без задебелување, без зајакнување, без потпирање со пиластри, па дури, што е битно, и без рамени опирни ѕидови, сл. 7. Апсидите од оваа варијантна форма III — B



СЛ:7 -АПСИДАЛНА КОНСТРУКЦИЈА
ОД III B ВАРИЈАНТНА ФОРМА

13) Има повеќе градби во Рим со апсиди од тип III. Меѓу нив се, меѓу другите, и три апсиди на Forum Caesaris, една апсида во Templum Minervae на Forum Nervae, една апсида во Templum Martis Ultoris на Forum Augusti, две големи апсиди — екседри во Basilica Ulpia на Forum Traiani, две афронтирани апсиди во Templum Veneris, шест апсиди во Thermae Caracallae, две апсиди во Thermae Diocletianae (P. Ducati, o. c., fig. 737, 805, 843, 856; Б. Несторовиќ, o. c., сл. 659), и една апсида во Basilica Maxentiana (Б. Несторовиќ, o. c., сл. 647).

14) P. Ducati, o. c., fig. 875.

15) Во Помпеи има, неколку згради со апсиди од тип III, на пример, на Форумот една апсида во двораната на Domus aedilum, потоа една таква апсида во дворанара на Domus duumvirum (P. Grimal, o. c., fig. 11), уште една апсида во Templum Vespasiani, потоа уште една апсида во Templum Fortunae (A. Maiuri, Pompeji, Wien — Novara, 1940, fig. 11) и една апсида во caldarium на Villa Diomedis (G. Minnucci, o. c.).

16) P. Grimal, o. c., fig. 11.

17) Шест апсиди од тип III има во Magnae thermae septentrionales и во Magnae thermae meridionales во Тимгад (P. Grimal, o. c., fig. 1); девет апсиди од тип III има ов Thermae Trevirianae, во Trier, Германија (G. Minnucci, o. c.,).

18) Три апсиди од triclinium triapsidatum (V. Golzio, o. c.).

се исто така релативно често застапени во терми, палати и станбени куќи во Рим, во Италските центри и во римските провинции. Меѓу другите апсиди од оваа варијантна форма III — В во Рим[19]) ја издвојувам апсидата во Thermae Caracallae[20]). Понатаму, меѓу другите апсиди од оваа варијантна форма III — В во Италските центри[21])а одделувам, како пример, апсидата во Villa Diomedis во Помпеи[22]). Од средиштата во римските провинции го свртувам вниманието на четирите апсиди во Thermae magnae septentrionales и Thermae magnae meridionales во Тимгад[23]).

По едно вакво општо приоѓање кон оваа материја, станува неопходно потребно и издвоено да се оцени појавата и да се димензионира типското распространување на луксузната конструктивна форма, каква што е апсидата, и во центрите и градовите на балканските римски провинции. Ваквото разгледување на апсидални конструкции во терми, палати и богати домови во Pola (Пула), Salonae (Солин кај Сплит), Диоклецијановата палата (Во Сплит), Doclea (Рогами кај Титоград), потоа во Poetovio (Птуј), Aquae Iassae (Вараждинске Топлице), Sirmium (Сремска Митровица), Mediana (кај Ниш), Scupi (кај Скопје) и во Xante (во Грчка Тракија), не само што ќе ја потврди присутноста на овој конструктивен облик на Балканот, туку и ќе го здружи и поврзе во една целинска линија и интерпретирањето на апсидите во Стоби, чија што посредна врска со споменатите балкански градови не би можела да се исклучи.

Не навлегувајќи, во оваа прилика, во хронологијата и прототипното првенство, ги разгледувам апсидалните конструкции на Балканските средишта според географски редоследи.

Во Pola, на пример, во таканаречената Palatium aestivum, има една апсида од тип III, и една апсида од варијантна форма III — В[24]).

Понатаму, појужно на Приморјето, во Salonae, има во таканаречените Magnae thermae salonitanae, три апсиди комбинации меѓу варијантните форми I — В и III — В, потоа една апсида од варијантната форма III — В. Освен тоа, во Salonae, на просторот северно од Magnae thermae salonitanae, има една осамена апсидална конструкција (со недоизјаснета типска распределеност, во зграда со уште неутврдена намена[25]).

[19]) Од варијантната форма III-В има две апсиди во Thermae Diocletianae (Б. Несторовиќ, о. с., сл. 659) и две апсиди во Thermae Agripinae (V. Ferrari, o. c., p. 556).

[20]) P. Ducati, o. c., fig. 843.

[21]) Две апсиди од варијантната форма III-В има во Villa Hadriana во Tivoli — Lacio (G. Minnucci, o. c.).

[22]) T. Warschr, o. c., Abb. 55.

[23]) T. Grimal, o. c., f. 1.

[24]) H. Schwalb, Römische villa bei Pola, Wien, 1902, T. 3.

[25]) E. Ceci, I monumenti di Salona, Milano 1962. T. XXI, fig. 1, 2.

Ако се претпоставени голем број апсидални конструкции, во блиската на Salonae Диоклецијановата палата, тогаш сите такви претпоставки се и надминати. Имено, во Диоклецијановата палата имало десет апсиди од тип I, (од кои и сега две зачувани од екс履драта и бањата на императорскиот апартман, во квартот Досут) и шест апсиди од тип I во подрумот на палатата (сите и сега зачувани под библиотеката, под екседрата и под бањата на императорскиот апартман, во квартот Досут). Овде не се приброени и четиринаесет четириметарски и триметарски ниши од тип I од mausoleum, vestibulum и tablinum[26])

Испитувајќи ја оваа, да се нарече, приморска балканска линија, со примена на апсидални конструкции од Pola, преку Salonae и Palatium Diocletiani, констатирав изведба на апсидални конструкции и во јужниот, речиси, приморски центар Doclea. Во Doclea има две апсиди од тип I и од тип III во зградата крај Форумот, потоа една апсида од тип III во Templum Dianae, две апсиди до тип III и од варијантната форма III — B во Thermae Docleanae, две апсиди од варијантната форма III — B во станбени куќи domus privatae и една апсида од тип III во еден пагански templum[27]).

Во градовите по другата, да се нарече, континентална балканска линија, (Poetovio, Aquae Iassae, Sirmium, Mediana, Scupi i Xante) има исто така забележлива изведба на апсидални конструкции. Во Poetovio, на пример, во една неопределена по карактер римска зграда, можеби domus privata, има една апсида од варијантна форма III — B, а скицирано е постоењето на уште една слична апсида[28]).

Нешто поисточно, во просторот на Aquae Iassae, во бањската зграда е откриена една апсида комбинација меѓу варириjантните форми II — C и III — B како и две апсиди од тип III[29]).

Во познатиот градски центар Sirmium откриени се две апсиди од тип III во градските терми — Thermae Sirmianae (Licinianae) над хипокаустната просторија, која што веројатно била наменета за caldarium — sudatorium. Во непосредна близина

---

26) E. Hébrard, Le Palais de Dioclétien à Spalato, Paris, 1911; F. Bulić, Kaiser Diocletians Palast in Split, Zagreb, 1929; C. Fisković, Prilog proučavanju i zaštiti Dioklecijanove palače u Splitu, Rad, JAZU, Zagreb, 1950.

27) P. Sticotti, Die Römische Stadt Doclea in Montenegro, Wien, 1913, Fig. 57, 43, 52, 37, 31.

28)J. Klemenc, Ptujski grad v kasni antiki, Dela, SAZU, Ljubljana, 1950, Načrt 1.

29) B. Vikić — Belančić, M. Gorenc, Istraživanja antiknog kupališta u Varaždinskom Toplicama od 1956 do 1959 godine, Vjesnik Arh. muz. u Z., sv. II, Zagreb, 1961, sl. 29; M. Gorenc, B .Vikić, Osvrt na arheološka istraživanja u Varaždinskim Toplicama, Ljetopis JAZU, knj. 63, Zagreb, 1959, sl. str. 221

на sudatorium-от се наоѓаат уште две апсиди комбинации меѓу тип III и варијантната форма III — B[30]).

Во близината на Naissus, во предградието на вилите Mediana, во една куќа со хипокауст (illa urbana?) откриена е една апсида од тип III[31]).

Апсидалните конструкции се интерпретирани и уште многу појужно во Scupi и во Xante. Во Scupi термите кај Бардовци — Thermae occindentales — е откриена една апсида од тип III во frigidarium-от и една апсида од тип III над хипокаустот — веројатно caldarium — sudatorium[32]).

Во Xante, во Грчка Тракија, во Palatium legatorum откриена е една апсида од тип III — B[33]).

Заклучувајќи ги искажувањата за типското разврстување на апсидите, сметам за потребно да нагласам, дека бездруго постојат и некои други варијантни форми, вон од овие објаснетите. Меѓутоа, овие објаснетите облици на апсиди нашле место во досегашново изложување затоа што произлегуваат од Стоби и се поврзани со Стоби (освен два исклучоци поврзани со литературата за оваа материја). Можните други типови и варијантни форми не се овде разгледувани затоа што се вон од главната линија на ова изложување, како што е сосема изоставено и самото споменување на бројните варијантни форми од подоцните временски периоди.

Во светлината на ваквото опфатно објаснување на појавата на апсидалните конструкции и нивното распростирање, станува сосема разбирлива и интерпретацијата на апсидалните конструкции во Стоби, каде што е оваа нова естетска градбена форма прифатена во полна широчина и изведувана многукратно за разновидни иако блиски намени и во повеќе типски и варијантни форми.

Претпоставените причини за внесување на оваа веќе распространета новина и во Стоби се многубројни. Најнапред тоа било настојување да се интерпретира една нова и луксузна форма, што станала позната и во многу други значајни градски центри и што веројатно го обврзувала секој богат нарачувач во натпреварот за достигање и престиж. Нема сомневање, натаму, дека интерпретирањето на апсиди е обусловено и од околноста дека меѓу збогатените граѓани на Стоби имало и многу нарачувачи со формиран уметнички вкус, кои што знаеле какви

---

30) А. Милошевић, и О. Милутиновић, Заштитна археолошка ископавања у Сремској Митровици, Нови Сад, 1958.

31) А. Славетић, Археолошка истраживања у Нишу и околини, Старинар VIII—IX, Београд, 1933, стр. 306, 307, и сл. 9; Р. Братанић, Археолошка истраживања у Брзом Броду, Старинар XIII, Београд, 1938, стр. 199—204, сл. 2.

32) Ђ. Трухелка, Археолошке белешке из Јужне Србије, Гласник СН Д,књ. V, Скопље, 1929, стр. 78, 79, 80, сл. 12.

33) G. Rodenwaldt, Die Kunst der Antike, Berlin, 1927, S. 98.

архитекти да поканат и што да нарачаат во изведувањето на богатите куќи. Би можело со голема веројатност да се претпостави, потоа, дека импортирањето на апсидалните форми го вршеле и архитектите, уметнички формирани во побогати градски центри, од каде што можеле на нарачувачите да им предложат нови и интересни форми во градењето на палатите. Бројноста на апсидите во Стоби упатува, натаму, на мошне веројатна претпоставка дека со време во градот се јавиле и добри домашни мајстори градители на апсиди. Меѓутоа, интерпретирањето на апсидите во Стоби се одвива со извесно задоцнување во однос на некои други центри, бидејќи речиси сите апсидални градби се изведени во рановизантискиот период, во време кога управните врски на Стоби водат веќе кон Источното римско царство и Константинополис.

Која била првата, најстарат градба со апсида во Стоби е тешко да се претпостави и неможно да се утврди. Во ваквите околности не е исклучена ни претпоставката дека хипотетичната најстара градба со апсидална конструкција можеби се наоѓа во досега неоткриени комплекси и затоа е сосема непозната.

Во најтесна врска со староста и хронологијата на апсидите е прашањето за редоследот во изложувањето на типонимијата и карактерот на уметничките апсидални конструкции во несакралните градби во Стоби. Имено, се чини дека би било методски најсигурно изложувањето да произлегува од редоследот во примената на типовите и варијантните форми I, I — B, II, II — B, II — C, III и III — B, кои што наизглед творат хронолошки редослед во привидното еволуционо усовршување на апсидалните конструкции. Овој пристап кон изложувањето, меѓутоа, се покажа како неточен и непогоден затоа што во Помпеи во I столетие истовремено се јавуваат апсиди и од I и од III тип, што значи дека нема постари и понови типови.

Се чини, понатаму, дека би бил погоден и приодот во изложувањето според староста на зградите со апсиди во Стоби. Но и овој начин се покажа како непогоден затоа што е датирањето на градбите со апсидални простории, во досегашните публикации, или неодредено, или е поставено многу релативно, така што не овозможува вистинско временско разврстување на градбите и нивното испитување според хронолошки ред. Натаму, наизглед, се чини дека би било погодно и разгледувањето на апсидалните конструкции според нивната диспозиција во градот, например градба по градба од јужната порта кон север, или од базиликата за крштевање кон југ. Меѓутоа, и овој начин на разгледување има свој недостаток во околноста дека градбите имаат различен карактер и значај што би условило осцилации во опфатните прикажувања и определувања. Заради сево ова го одбрав како најпогоден начинот: испитувањето на градбите да се изведе според нивниот значај, што овозможува

програмирано изложување, со потполно оценување на материјата во низата од луксузни кон поедноставни градби и од најиспитани кон недоиспитани или неначнати објекти.

## Апсидалните простории во палатата Перистерија

Во смисла на порано изреченото усмерување во изложувањето, треба да се смета дека многу значајна градба со апсидални конструкции е палатата Перистерија. Во овој најголем стобски комплекс особено важен за ова разгледување е источниот дел со атриум и басен кон кој се ориентирани апсидалните дворани. Токму заради овие апсидални конструкции е потребно да се разјасни карактерот и намената на овој голем, во извесна мера испитан блок[34]).

За формирање на оцена за важноста и карактерот на палатата Перистерија, во однос на апсидалните градби, не е од значение физиономијата на стратиграфските слоеви под палатата во кои се откриени доцнохелинистички гробови и траги од постара римска зграда. Меѓутоа, секако се од значение другите компоненти што даваат многу светлина врз познавањето на палатата. Меѓу тие компоненти е вредноста на местото на палатата Перистерија во урбанистичкиот распоред на градот, понатаму грандиозните димензии на палатата, диспозицијата на своевидниот атриум и на свечените простории и нивната концепција и карактер. Кон посигурното оценување на палатата Перистерија придонесува и фактот на познавање на димензиите на свечените апсидални дворани, нивниот карактер и намена, нивната конструкција и мозаична декорација и уште некои елементи што исклучително овде се среќаваат.

Според ваквото кратко одбележување на важните одредувачки елементи, несомнено е дека значението на палатата Перистерија во голема мера го определува нејзиното урбанистичко место. Тоа е токму средишно место во досега испитаниот град, на речиси еднаква оддалеченост меѓу Porta Heraclea и бедемите над Axios и натаму насред градот меѓу високите западни фортификации и источните внатрешни градски ѕидови. Еднакво важно за ова разгледување е фактот, дека средиш-

---

[34]) G. M. Zissi, Mosaiken in Stobi, Bulletin de L'Institut archeologique, 10, Sofia, 1936, S. 80; J. Petrović, Stobima danas, Glasnik Hrvatskih zemaljskih muzeja u Sarajvu, Sarajevo, 1943, 482—483; E. Kitzinger, A survey of the early christian town of Stobi, Dumbarton Oaks Papers, Cambridge — Massachusets; 1946, Number 3, p. 128; К. Петров, Смешано ѕидање во неколку згради во Македонија од III—VI век, Зборник на Археолошкиот музеј 1, Скопје, 1955, стр. 74—77. И. Микулчиќ, Перистерија — касносхелинистички гробови, Археолошки преглед 8, Београд, 1966, 113—114; Ђ. М. Зиси, Проблеми стратиграфије и урбани развој Стобија, Studies in the antiquities of Stobi, Beograd, 1973, стр. 230; Ђ. М. Зиси, Стоби, 1970—1972, Macedoniae acta archeologica 1, Прилеп, 1975, стр. 203.

ното урбанистичко место го добила палатата и во лоцирањето меѓу двете важни улици Via principalis superior и Via principalis inferior. На овој начин ова некогаш урбанистички неважно место со некропола, станало подоцна централно, ценето и скапо и на тоа средишно место е изградена палатата Перистерија.

Иако е, натаму, познато дека во палатата Перистерија имало доста преградби[35]), оваа околност не ги менува констатираните битни вредности бидејќи преградбите се изведувани во помалку важни делови, така што е главниот источен дел од палатата со луксузните апсидални простории без битни промени. Меѓутоа, секако дека извесната разнородност на градбите во комплексот влијаела палатата Перистерија да биде релативно широко датирана во IV и V век[36]).

Значењето и карактерот на палатата го определуваат не само нејзините големи димензии или големината на комплексот во кој што се споени атриумот со басенот и трите апсидални простории наоколу, туку и нивната беспрекорна конструкција и особено подната мозаична декорација. Сè ова заедно јасно ја карактеризира палатата како луксузна градба на богати граѓани, наменета не само за живеалиште, туку и за свечени примања и празнувања, palatium divitum — οἶκος πλουσίων.

Најважниот, естетски конципираниот и уметнички изградениот дел на палата Перистерија е веќе споменатиот источен блок. Средиштето на овој луксузен комплекс е големиот атриум со басен на западната страна. Кон овој голем отворен простор на атриумот се ориентирани двете големи апсидални дворани со широките влезови.

Овие две апсидални дворани, сл. 8, се своевидна реткост не само заради околноста дека се поставени една до друга, туку и заради тоа што немаат меѓусебно комуницирање, а можеби имале иста или слична намена. Според конструкцијата на источниот бочен ѕид на втората дворана, кој што е потесен од до него градениот западен ѕид на првата дворана, би можело да се претпостави дека е западната, втора дворана веројатно соградена подоцна од источната апсидална дворана.

I. Првата, источната дворана, е нешто подолга, што значи и со поголема површина. Апсидалниот ѕид на оваа дворана,

---

35) J. Petrović, o. c., стр. 482.

36) Во проблемот на уточнето, образложено и конечно датирање не навлегува ни еден од проучувачите на палатата Перистерија. Меѓутоа, доста широки датирања на палатата Перистерија веќе се изречени. Така E. Kitzinger (o. c., p. 128) ја датира палатата Перистерија во раниот V век. Ѓ. М. Зиси (... Стратиграфија ..., о. с., стр. 230) ја датира палатата Перистерија во крајот на IV и во преодно време можда IV—V век. Две години подоцна Ѓ. М. Зиси (Стоби,... о. с., стр. 203) ја датира палатата Перистерија пак на сличен начин, во ист период како Казино, односно во крајот на IV и почетокот на V век. К. Петров, Смешано ... о. с., стр. 77/7, ја датира палатата Перистерија во IV—V век.




Сл. 8 – Двете големи апсидални дворани во палатата Перистерија
според диспозицијата in situ и според слободно мерно наголемување
од ситуациониот план на ископаните објекти

има извесно задебелување и е бочно зајакнат со рамени потпорни ѕидови, така што според овие особености му припаѓа на типот III.

Од несомнена важност за одредување карактерот и намената на оваа голема источна апсидална дворана, е подната мозаична декорација датирана во IV—V век, за која што во науката има информации веќе од пред 40 години[37]). Подниот мозаик со разновидни мотиви во многу полиња, што ја исполнува квадратната површина на дворанaта, е надополнет уште и со една осмострана фонтана, што на ексклузивен начи го збогатува просторот со раздвижени визуелни и аудитивни ефекти.

Околноста дека во подот на самата апсида наместо мозаици се откринеи само камени плочи ја објаснувам со две претпоставки. Првата претпоставка е дека и овде во просторот на апсидата првобитно била поставена мозаична декорација како и во квадратниот дел на дворанaта. Подоцна, можеби во време кога се изведени делумните поправки и дополнувања на мозаичната декорација во квадратниот дел на дворанaта, што може евидентно да се следи, мозаичната декорација во просторот на апсидата била заменета најнапред со мермерни плочи, а уште подоцна со камени плочи, овие што се откриени. Втората претпоставка е дека веќе протогено во апсидалниот простор биле поставени мермерни плочи, а подоцна биле заменети со овие камени плочи што се затечени. И во двата претпоставени случаи сметам дека протогено во важниот апсидалниот дел можела да биде поставена или настилка од мермерни плочи или мозаична декорација, затоа што само таква можела да биде стилски воедначена со мозаичниот под од квадратниот дел на апсидалната дворана.

Пред да пристапам кон оценување на концепционите и наменските особености на оваа апсидална дворана, сметам дека е неопходно потребно да отворам неколку потполно нови прашања, досега неначнати и нерасмотрени за Стоби, за палатата Перистерија и за оваа прва апсидална дворана.

Првото пршање се однесува за следното. Оваа прва, источна апсидална дворана е градена од приделкан камен, како речиси сите градби во Стоби. Рамната и цврстата но неугледната структура на материјалот и ѕидањето е видлива над скапоцените подни мозаици. Нема соневање дека ваквата сегашна состојба на потполн стилски несклад меѓу раскошните мозаици на подот и голите ѕидови над нив, не била во првотната концепција на архитектот и мозаичарот. Заради ова се наметнува потребата да бите виден првобитниот изглед на ѕидовите на оваа дворана, најмалку со визуелна хипотеза, што ја сугерирам во две претпоставки. Првата од нив би била дека долните зони на ѕидовите биле оплатени со мермерни панои, а над нив бил

[37]) G. M. Zissi, Mosaiken . . ., o. c., S. 277—297.

изведен фрескиран малтер, а втората дека фреско малтер бил поставен врз сета височина на ѕидовите. Само на овој начин би било постигнато уметничко и естетско единство меѓу раскошните подни мозаици и декорисаните ѕидови во протогено конципираната дворана.

Второто прашање што го отворам, исто така апсолутно ново, е од областата на просторната елевација на оваа апсидална дворана. Досега воопшто не бил разгледуван проблемот за осветлувањето на оваа апсидална дворана, односно за местото каде што се наоѓале прозорите. При давањето одговор на ова прашање најнапред треба да се претпостави нивото на прозорската висина, а потоа и диспозицијата на нивното место во ѕидовите. Бидејќи при откривањето на оваа апсидална дворана бочните ѕидови биле зачувани до висината од 250 см., тогаш е одговорот веќе даден во фактот дека прозорите биле на висина поголема од 250 см. Инаку, само заради јасност во разгледувањето додавам дека е исклучена можноста да имало по еден прозор во апсидалниот ѕид и над вратата во северниот ѕид бидејќи не само што таква диспозиција на прозори не е применувана во други згради, туку низ нив не би доаѓало достатно светлина. Наспроти ова, сосема е прифатлива претпоставката дека апсидалната дворана имала базиликално осветлување, со една своевидност што изискува накнадно објаснување. Пред се, прозори не можело да има на западната страна на ова дворана, бидејќи во суштност би биле во ѕидот на другата западна дворана, и низ нив не би можела да доаѓа директна дневна светлина. Заради тоа останува само можноста за прозори на источната страна на двораната кон бочните мали простории на Via principalis inferior. Во ваквите околности би требало да се смета дека споменатите мали бочни простории бездруго морале да имаат само ниско приземје без катна конструкција, за да се овозможи над нивото на нивните покриви да бидат поставени прозори во повисоките ѕидови на апсидалната дворана. Резимирано ова би значело дека апсидалната дворана имала наполу редуцирано базиликално осветлување, што било единствено можно при ваквото место на оваа дворана сред градскиот комплекс.

Третото ново прашање исто така од областа на просторната елевација, се однесува за формата на таванската конструкција на апсидалниот дел на оваа дворана. Тоа прашање го поставувам сега во алтеренативна форма: каква покривна конструкциј била најпогодна за оваа апсида-полукалотната или рамната дрвена. Во едно целосно согледување станува јасно дека архитектот вообичаено изведувал полукалотна или рамна дрвена конструкција во зависност од типот на апсидата, која што била прилагодена кон нејзината намена Во оваа смисла може со прифатлива веројатност да се претпостави дека постоеле сите конструктивни и статички услови да се гради полукалотна конструкција над апсидите од тип I и варијантните форми од овој

тип, потоа апсидите од тип II и варијантните форми од овој тип, како и над апсидите од тип III. Наспроти ова тешко може да се претпостави полукалотна конструкција над апсида од варијантна форма III — В, бидејќи има недостатно јака конструкција за компензирање на хоризонталните притисоци од евентуална полукалота. Во ваквата светлина на оценувањето може да се претпостави полукалотна конструкција над апсидата на оваа разгледувана апсидална дворана, не само заради тоа што му припаѓа на тип III, туку и затоа што е апсидалниот ѕид цврсто граден и зајакнат со задебелување. На овој начин не само апсидата туку и целиот простор на двораната добиле една несекојдневна и нагласена свечена и богата просторност, што како ефект ќе важи и за сите апсидални дворани и апсидални простории што во овој труд ќе бидат предмет на разгледување.

И четвртото неотворено прашање што сега го поставувам, се однесува за проблемот од просторната елевација на апсидалните дворани. Досега во науката не било поставено прашањето за видот на таванската конструкција на квадратниот дел на двораната. На ова прашање може да се даде само еден единствен одговор: иако е апсидата покриена со полукалота, квадратниот дел на апсидалната дворана е покриен со дрвена конструкција на рамен таван, бидејќи е тоа единствено можно решение. Во продолжение сметам дека е потребно да објаснам зошто е неможно друго решение за таван освен ова. Имено, за големата широчина на оваа апсидална дворана, од речиси девет метра, би била потребна конструкција на грандиозен свод висок четири метра и со огромна тежина. Оваа тежина претворена во големи хоризонтални притисоци во основите на сводот, би се пренесувала и врз горните делови од бочните ѕидови на апсидалната дворана. Меѓутоа, бидејќи се овие бочни ѕидови тесни 70 и 67 см, и без било какви пиластерски зајакнувања очигледно е дека не се градени и предвидени да носат сводна конструкција. Од друга страна, може да се заклучи дека нивната дебелина е достатна за дрвена гредна таванска конструкција. При ова не е неумесно да се додаде дека и тогашните познати луксузни базилики се градени со гредна таванска конструкција.

И петтото, последното неотворено прашање што го поставувам, е од областа на просторната елевација. При разгледувањето на палатата Перистерија досега во литературата не е расмотрено ниту споменато прашањето за покривната конструкција на оваа и на соседната апсидална дворана. Околностите овде и споредувањата другаде наведуваат на мисла на ова прашање да се одговори со две претпоставки. Првата е грандиозно димензиониран двосливен покрив за двете дворани, а втората е два двосливни покриви, за секоја дворана одделно и со помали димензии. Која од овие две конструкции била

изведена е тешко да се претпостави, бидејќи нема никакви индикациони основи за тоа а и двата вида покривни решенија се со извесни конструктивни и есттески несовршености.

По изложувањето на сите проучувања, судови и одговори на прашања се отвора можност да се согледа намената и функцијата на оваа апсидална дворана. За вакво определувње на оваа апсидална дворана треба да се пресогледа не само нејзината веќе воочена ориентација и отвореност кон атриумот и басенот, или нејзините големи димензии, или големата височина со базиликално осветлување, туку и ефектно вообличениот простор во апсидата и полукалотата и естетски збогатениот амбиент со скапоцената подна мозаична декорација, со средишна фонтана и веројатната мермерна оплата или фрескирани ѕидови. Оваа вака раскошно конципирана и луксузно опремена апсидална дворана бездруго била наменета за боравење во свечени прилики и празници, за приеми, за свечени собири, за свечен триклинион, додека пресведениот простор на апсидата бил можеби наменет за место на уметничка скулптура, на важен религиозен симбол, или за особено издвоен клинион, или курулски трон, или можеби за свечени тронови на некој градски трибунал.

II. Втората западна апсидална дворана е незнатно потесна и нешто покуса од источната и со соответно помала површина. И оваа втора дворана има апсидален ѕид слободно статички конструиран во тлото и во просторот со извесно задебелување и со рамени потпорни ѕидови, според кои белези оваа апсида може да се класифицира во апсидални конструкции од тип III.

Во оценувањето на уметничките вредности на оваа втора апсидална дворана и при одредувањето на нејзиното место во соодност со првата дворана, треба бездруго да се приспомни дека во оваа дворана не се зачувани подните мозаици, иако таквите со голема основаност можат да се претпостават бидејќи е откриена мозаичната подлога под едноставните камени плочи поставени подоцна[38]).

Во однос на другата декорација треба да се повторат претпоставките веќе искажани за првата дворана, односно дека во првобитната замисла и изведба на оваа втора дворана на ѕидовите веројатно била поставена или мермерна оплата или фрескиран малтер. Отсуството на фонтана во ова втора апсидална дворана, без сомневање ја категоризира како втора по ранг и важност и заради тоа не би било прифатливо да се претпостави првотна изведба со ѕидни мозаици. Во секој случај и со мермерна оплата или фрескирани ѕидови би било постигнато стилско и естетско единство меѓу подните мозаици и декорисаните ѕидови во протогено конципираната и изведената дворана.

---

38) G. M. Zissi, Mosaiken... o. c., S. 277—297.

Во литературата за палатата Перистерија, односно и за оваа втора дворана, не се воопшто поставени оние истите прашања, што веќе ги отворив за првата источна дворана. На првото прашање за карактерот на осветлувањето и местото на прозорите во оваа апсидална дворана, би можело да се одговори на следниов начин. Бидејќи и оваа втора дворана имала еднакви диспозициони соодноси со комплексот како и првата, нејзиното осветлување доаѓало од високо поставените прозори само на западната страна, што значи исто така своевидно наполу редуцирано базиликално осветлување, на спротивната страна од прозорите во првата апсидална дворана. При ваквата мошне веројатна претпоставка би требало да се смета дека најблиските простории западно од втората дворана можеле да имаат само приземје, за да се овозможи, над нивото на нивните покриви да бидат поставени прозорите за осветлување во високата конструкција на ѕидовите на втората апсидална дворана.

Второто од низата на прашања се однесува за таванската конструкција на апсидата. За да не бидат повторени формулациите веќе изречени за апсидата од првата дворана, би требало само накусо да се резимира со следново. Според сите околности и според фактот дека и апсидата од оваа втора дворана е класифицирана меѓу апсидите од тип III, може да се претпостави полукалотна конструкција и над апсидата на оваа втора дворана.

Трето од навестените прашања се однесува за таванската конструкција на квадратниот дел на двораната. Бидејќи при разгледувањето на истово прашање за првата дворана се формулирани определени премиси, останува уште да се изрече следниов заклучок. Во зависност од повеќе самостојни и заеднички конструктивни обусловености, над оваа втора дворана, се претпоставува рамна дрвена таванска конструкција.

Натаму, по однос на прашањето за обликот на покривната конструкција важи во потполност мислењето изречено за првата дворана: односно, еден двосливен покрив за двете дворани, или два досливни покриви за двете дворани.

Во определувањето на намената и функцијата на ова втора апсидална дворана треба да се имаат предвид следниве соодноси: отвореноста кон атриумот и басенот, димензиите и височината на двораната, апсидалната конструкција, базиликалното осветлување, полукалотата, претпоставената протогена мозаична декорација и претпоставената можна мермерна оплата или фрескирани ѕидови. Според ова може да се заклучи дека архитектот и мозаичарот имале намера да вообличат естетски многу ефектен простор, и да реализираат втората голема дворана за иста или слична намена и функција, каква што е веќе претпоставена за првата апсидална дворана.

Меѓутоа, отсуството на фонтана, потоа нешто помалите димензии на двораната и околноста дека мозаичната подна деко-

рација во оваа дворана е понапред уништена, во извесна смисла ја определуваат оваа дворана како помалку важна и втора по ранг по првата. Оваа мисла за рангирање е можеби и клуч за давање одговор зошто се изградени две големи апсидални дворани една до друга. Рангирањето упатува на претпоставка дека можеби првата дворана била наменета за собирање и престојување на угледници од прв ранг, со знатен општествен статус, а втората на оние за степен помалку важни од првите, кога свеченостите биле заеднички. Ако оваа претпоставка и не е точна, тогаш останува како можна да се изнесе уште хипотезата дека можеби првата дворана била наменета за свечени собири, а втората за секојдневен триклинион.

III. Третата апсидална просторија, сл. 9, исто така ориентирана кон свечениот атриум, преку кој што комуницирала и




СЛ 9 - МАЛА АПСИДАЛНА ОДАЈА ВО ПАЛАТАТА ПЕРИСТЕРИЈА

СПОРЕД ДИСПОЗИЦИЈАТА IN SITU И СПОРЕД СЛОБОДНО МЕРНО НАГОЛЕМУВАЊЕ

ОД СИТУАЦИОНИОТ ПЛАН НА ИСКОПАНИТЕ ОБЈЕКТИ

со двете големи апсидални дворани, е многу помала од нив. Нејзиниот полукружен ѕид, слободно статички поставен во почвата и во просторот без рамени потпорни ѕидови, дава достатни елементи оваа апсида да биде класифицирана во варијантната форма III — В. Извесното концепционо непланирано зајакнување во темето на апсидата и јужно од основата на апсидалниот лак, можат да бидат сметани само како редуцирани навестувања од варијантната форма II — В.

Проучувачите на овој комплекс пред четириесет години не објавија податоци за состојбата на подовите и ѕидовите и затоа не е позната нивната декорација. Во вакви околности преостанува само можноста според една необврзна аналогија со првите две дворани, да се претпостави поедноставна подна и ѕидна декорација.

Што се однесува до прашањето за осветлување на оваа апсидална одаја, би можело да се рече дека тоа е веројатно поедноставно решено не само заради помалата квадратура, туку и заради можноста за прозорци кон отворениот двор на северната страна. Сообразно со ова може да се претпостави и невисока конструкција на ѕидовите од оваа одаја.

Веќе порано во изложувањето е заклучено дека апсидите од варијантната форма III — В, каква што има и оваа одаја се без полукалотно пресведување, заради тоа што немаат цврста конструкција зајакната и со потпорни рамени ѕидови. Заради сево ова сметам дека над апсидата на оваа голема одаја немало полукалотно пресведување, туку рамна дрвена конструкција, еднаква како и над квадратниот дел на одајата, врз која бил конструиран двосливен покрив.

Имајќи ги предвид само стварните утврдени околности за оваа голема одаја: апсидата, ориентацијата и комуникацијата со атриумот и не познавајќи ги и не претпоставувајќи ги другите вредности, може да се одреди донекаде намената и функцијата на оваа одаја во палатата. Таа иако немала таква јавна и свечена намена како големите апсидални дворани, секако имала повидно место од другите, неправилно обликувани одаи, и нејзе ѝ била одредена неофицијална но поексклузивна намена и функција, поврзана со одајата северно од неа.

## Апсидалните простории во палатата Партениос

Втора по бројност на апсидалните простории е палатата Партениос, инаку многу полуксузна според концепцијата, пораскошна според декорацијата и секако поопфатно испитана од палатата Перистерија[39]). За ова разгледување е важно да се на-

[39]) Б. Несторовић, Ископавања у Стобима, Старинар 6, Београд, 1931, стр. 109—114; Gj. M. Zissi, Mosaiken... o. c., стр. 279—290; Gj. M. Zissi, Bemerkungen über die altbyzantnische stadt von Stobi, CISB II, 1940,

гласи дека уште при првите објавувања се сметало дека оваа палата имала два издвоени станбени комплекси, што е потврдено и со подоцните испитувања. За целината на оваа градба се однесува датирањето во крајот на IV и во почетокот на V век[40]).

Во определувањето на намената, функцијата и значајот на оваа палата во Стоби, треба да бидат оценети многу разновидни вредности што очигледно се наметнуваат. Тоа не се само димензиските компоненти на палатата со површина од 2400 м$^2$ [41]), или само диспозиционите и конструктивните креативности со два перистила, со басени и свечени дворани и одаи свртени кон перистилите; тоа е и особено надвообичаеното раскошно изобилство на скапоцени мермери во конструкциите, градбите и оплатите, и над сè богатата употреба на најлуксузни техники на подна и ѕидна мозаична декорација, мермерни оплати, интарзии и слично. Сево ова недвојбено укажува дека палатата Партениос — во двата дела — имала намена не само за станбена зграда за врвнораскошно и луксузно живеење, туку palatium divitum — οἶκος πλουσίων, за јавни контакти, собирања и свечености за угледни граѓани и одличници во Стоби.

За запознавање на апсидалните простории во оваа градба важен е грандиозниот перистил, со површина од околу 640 м$^2$ во североисточниот комплекс од палатата[42]); вонредно луксузно конципиран со колонади на две страни, со големи површини на каскадни басени и со цветни парцели. Овие вредности и особено мозаичната подна декорација во ходниците и луксузниот мермерен под во средиштето, го одредуваат карактерот и функцијата на перистилот не само како заеднички двор за сите одаи и дворани наоколу, туку и како најлуксузен отворен простор за престојување, за прошетка под тремови, за свечености и за пречек на голем број луѓе, при услови на погодна микроклима.

Токму заради тоа со овој богато и раскошно конципиран простор комуницираат и најлуксузните делови во Партениосо-

---

стр. 231—233; E. Kitzinger, o. c., p. 118—129; К. Петров, Истражувањата на водоводниот систем во рановизантинскиот Стоби, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје 1967, стр. 267, 268; Б. М. Зиси, Стоби о. с., стр. 203.

40) За разлика од палатата Перистерија, сосема поинаков е односот на проучувачите при датирањето на палатата Партениос. За блиски датирања од IV до V век (во IV век, или околу 400 година, или во IV—V век, или само во почетокот на V век, па дури и двата комплекса во исто време) се изјасниле мнозина од непосредните проучувачи на палатата Партениос (В. Петковић, Извештај за 1928, Годишњак СКА, Београд, 1928, стр. 220; B. B. Saria, Ein Dionysos Votiv aus dem Konsulatsjahr des P. Dasumius Rusticus, Jahreshefte des östereichishen archäologischen Instituts, Wien, 1930, S. 65; B. Nestorović, Un palais à Stobi, Bulletin de L'Institut archeologique, Sofia, 1936, p. 183; Gj. M. Zissi, Mosaiken . . ., o. c., S. 290; E. Kitzinger, o. c., p. 119—121, 122, 124, 127; Б. М. Зиси, . . . Стратиграфија . . ., о. с., стр. 230; Б. М. Зисси, Стоби . . ., о. с., стр. 203).

41) Б. Несторовиђ, Стоби . . ., о. с., стр. 109.

42) Ibidem, стр. 109, 110.

вата палата, и тоа на еден несекојдневен и необичен начин. Имено, за да се издвојат одаите од нивото на перистилот тие се подигнати за 3 или 4 скали, така што од перистилот се искачувало во одаите, односно од нив се слегувало во перистилот. Втора особеност на комуницирањето се вратите, на сите простории свртени кон перистилот, што се отворени со широчина од 2 или 4 метра. На оваа особеност досега не било свртено вниманието на проучувачите и не било разјаснето заради што се конструирани вака големи врати. Објаснението за оваа го наоѓам во потребата вака широките врати да функционираат и како прозорци за четирите одаи, меѓу кои и една апсидална на западната страна на перистилот. Причината за ваквото решение е во околноста што поради високиот ниво на улицата Via principalis superior на западната страна, и висината на северната улица овие одаи немале можност за надворешни прозорци, така што тие биле осветлувани низ големите врати отворени кон перистилот. Треба, инаку, да се додаде одбележувањето дека на целиот комплекс на двата дела на палатата Партениос нема ниеден прозорец во надворешните ѕидови до висината од 3 метра[43]).

IV. Најпространа просторија свртена кон перистилот е големата апсидална дворана, сл. 10, со околу 140 $м^2$ површина, која што преку една широка врата и низ четири скали комуницирала со најширокиот ходник на перистилот на кој што има шест колони, и поден мозаик со геометриска декорација. Оваа апсидална дворана е поврзана и со две бочни одаи, а преку нив посредно и со две други бочни одаи поблизу до апсидата[44]).

Апсидалната конструкција на оваа голема дворана заслужува особено внимание заради своевидните типски белези. При одредувањето на типот на апсидата потребно е да се имаат предвид повеќе присутни елементи, затоа што се чини дека апсидата нема јасно одредена типска припадност. Навидум оваа апсида припаѓа на варијантната форма II — B, бидејќи на надворешната страна на апсидалниот ѕид се наоѓаат четири кратки

---

[43]) Ibidem, стр. 112.

[44]) Прашањето за намената и функцијата на овие бочни одаи во литературата досега не било решено. Се сметало дека нивната намена и функција се непознати. (Б. Несторовић, ...Стоби..., о. с., стр. 111). По проучувањето на големата апсидална дворана сметам дека може да биде изложена една прифатлива хипотеза за намената и функцијата на двете или на сите четири одаи изградени бочно од големата апсидална дворана. Имајќи предвид дека порано споменатите први четири одаи западно од перистилот имаат енормно големи влезови непогодни за спални одаи и дека според многу богатата подна и ѕидна декорација се веројатно наменети за дневна, заедничка употреба, тогаш може да се претпостави дека, во овој дел од палатата Партениос, овие бочни одаи што комуницирале директно или посредно со големата апсидална дворана имале приватна намена и функција на спални одаи.




СЛ 10 – ГОЛЕМАТА АПСИДАЛНА ДВОРАНА ВО ПАРТЕНИОСОВАТА ПАЛАТА ВО СТОБИ

СЛОБОДНО МЕРНО НАГОЛЕМУВАЊЕ СПОРЕД Б. НЕСТОРОВИЌ

ѕида несиметрично распоредени што делуваат и се чинат како зајакнување. Инаку, неправилните трапезоидални облици на сосема малите простории меѓу овие ѕидови, од 3 и 1 м$^2$, сосема ја исклучуваат можноста овие мали простори да се сметаат за економски простории, а нивните ѕидови за случајно зајакнување на апсидата. Всушност овие неортогонални и нерадијални ѕидови стварно го потпирале и го зајакнувале апсидалниот ѕид, така што може да се смета дека апсидата во сегашна состојба ѝ припаѓа на варијантната форма II — В. Доколку, пак, би можела да се допушти и претпоставката дека апсидата првобитно му припаѓа на типот III, таквата хипотеза би се темелела врз фактот дека апсидалниот ѕид дебел околу 1 м, е појак од другите ѕидови на дворанатa и конструиран сам да ги носи и компензира сите хоризонтални експресии во основата. Ова сè упатува на мошне сигурна претпоставка за полукалотна конструкција над апсидата, со што би било реализирано хоризонтално и вертикално конкавно обликување на апсидалниот простор, стилски сосема воедначено со целата луксузна концепција на апсидалната дворана.

Имајќи ја, натаму, предвид околноста дека бочно од апсидалната дворана се диспонирани споменатите четири одаи, може да се претпостави само базиликално осветлување на апсидалната дворана во високи ѕидови над покривите на приземните бочни одаи.

По однос на таванската конструкција на оваа апсидална дворана би можела да се изнесе следнава претпоставка. Имено, ако шесте напречни ѕидови од бочните одаи, што ги потпираат бочните ѕидови на големата апсидална дворана, се сметаа како обмислени пиластри за зајакнување, тогаш може да се претпостави и сводна конструкција. Инаку не е исклучена и можноста за рамна таванска дрвена конструкција, доколку се земаат предвид релативно големата широчина на дворанатa и недебелите бочни ѕидови. И во првиот и во вториот случај над дворанатa имало двосливен покрив.

При едно наспоредување и оценување е очигледно дека палатата Партениос во целина е решена со похармонична внатрешна диспозиција и дека има повеќе скапоцен и благороден материјал во декорацијата од палатата Перистерија. Меѓутоа, големата апсидална дворана на палата Партениос имала подна мозаична декорација во техника opus sectile — во извесна смисла поскромна од првата апсидална дворана во палатата Перистерија. Околноста, пак, дека при ископувањето е откриено мермерно оплатување врз долните зони на ѕидовите, дава основа да се претпостават фрескирани ѕидови во горните зони на големата дворана во палатата Партениос.

Судејќи според местото на оваа дворана отворена кон перистилот, потоа според нејзината исклучителна големина, според претпоставената височина, и според решението на апсидата и особено според сета луксузна декорација, може да се смета дека нарачувачот ја замислил апсидалната дворана како голем раскошен простор за свечено собирање на повеќе луѓе, за пречек на гости, или за гозби. Намената на естетски вообличената апсида требала да биде истоветна или блиска како онаа во првата голема апсидална дворана во палатата Перистерија — за што е веќе зборувано.

V. Во крајниот северозападен дел на Партениосовата палата кон широкиот ходник на големиот перистил се отвора со широка врата и низ три скали и една помала апсидална одаја, сл. 11. Апсидалниот ѕид со скромни димензии, чија што полукружна линија се потпира со темето и основите на јаките и




СЛ 11 - МАЛАТА СЕВЕРНА АПСИДАЛНА ОДАЈА ВО ПАРТЕНИОСОВАТА ПАЛАТА ВО СТОБИ
СЛОБОДНО МЕРНО НАГОЛЕМУВАЊЕ СПОРЕД Б. НЕСТОРОВИЌ
И СПОРЕД ДИСПОЗИЦИЈАТА IN SITU

дебелите периферни ѕидови на палатата и на аголните полнетици и припаѓа според разврстувањето на варијантната форма II — C.

За начинот на осветлувањето на оваа одаа веќе е речено нешто понапред во општите заеднички оцени во таа смисла. Заради тоа би можело да се заклучи дека оваа апсидална одаја единственото осветлување можела да го добива само посредно преку перистилот низ широката врата, затоа што немало можност за прозорци во периферните ѕидови во северозападниот агол, кои што биле под нивото на улицата.

Заради потпирањето на апсидалниот ѕид врз периферните ѕидови на три точки, на двете страни на основата и во темето, би можела да се претпостави полукалотна конструкција над апсидата. Оваа зајакната апсида би можела сигурно да носи полукалотна конструкција иако не е исклучена и можноста над апсидата, поради малите димензии на одајата, да имало рамен дрвен таван, каков што сигурно имало и над квадратниот дел на оваа апсидална одаја. Покривната конструкција на оваа апсидална одаја, како и на другите три одаи од низата, е заедничка и би можела да биде само надолжна еднолсивна долж Via principali superior, со пад кон перистилот.

За претпоставување на намената и функцијата на оваа апсидална одаја многу зборува богатата мозаична подна декорација изведена во opus sectile, и ѕидните мермерни плочи од кои што се зачувани трагови. Во продолжение на ваквата концепција на декорисањето би можело да се претпостави дека горните зони на ѕидовите во оваа апсидална одаја биле фрескирани. Инаку за оваа одаја, како и за соседните од низата, веќе е изразено мислење дека биле наменети за салони, поради повеќе диспозициони и конструктивни компоненти и заради декорацијата[45]), што го сметам за прифатливо.

VI. Во источниот, вториот дел од палатата Партениос, главното и средишно архитектонско јадро го чини малиот но луксузно конципиран перистил со мала колонада со пет колони и басен. Кон овој мал перистил се ориентирани и со него комуницираат главните одаи од овој дел на палатата. Меѓу нив е и малата апсидална одаја, сл. 12, споена со ходникот од перистилот низ широка врата со колона насреде. Апсидалниот ѕид потпрен од јаките ѕидови и врз аголните полнетици, и припаѓа на варијантната форма II — C.

Осветлувањето во оваа мала апсидална одаја доаѓа директно од перистилот, бидејќи бочното осветлување со прозорци го оневозможуваат другите бочни одаи. Секако, дека ова директно осветлување од перистилот е доставно и заради малите димензии на одајата и заради широкиот отвор на вратата ориентирана кон југ со полна инсолација.

[45]) Б. Несторовић, ... Стоби ..., о. с., стр. 110.




СЛ.12 - МАЛАТА ЈУЖНА АПСИДАЛНА ОДАЈА ВО ПАРТЕНИОСОВАТА ПАЛАТА ВО СТОБИ

СЛОБОДНО МЕРНО НАГОЛЕМУВАЊЕ СПОРЕД Б. НЕСТОРОВИЌ
И СПОРЕД ДИСПОЗИЦИЈАТА IN SITU

За оваа мала апсидална одаја може да се претпостави полукалотна конструкција над апсидата или исклучително рамен дрвен таван, а оваа последна форма и над квадратниот дел на просторијата, заради нејзината мала површина. Инаку според диспозицијата би можел над оваа одаја да се претпостави двосливен покрив.

При откопувањето на оваа одаја е откриен мозаичен под изведен во техника opus sectile. Едноставната структура на ѕидовите, ако и не била декорирана со мозаици, или со мермерна оплата, веројатно била фрескирана или најсромкно обложена со колориран малтер.

За намената и функцијата на оваа одаја е веќе изнесено мислењето дека е салон[46]). Оваа претпоставка е дотолку повеќе прифатлива бидејќи една друга голема квадратна дворана со мозаичен под ја има намената и функцијата на главна свечена дворана и триклинион.

Dr. Konstantin PETROV

## LA TYPONYMIE ET LE CARACTÈRE DES CONSTRUCTIONS APSIDALES DANS LES ÉDIFICES NON-SACRÉS À STOBI

Résumé

Dans la ville romaine et paléobyzantine de Stobi sont connues maintes valeurs urbanistiques, architectoniques et décoratives. Cependant il existe encore beaucoup de composantes qui n'ont pu etre appréciées et évaluées, et aussi un grand nombre de questions non élucidées, qui attendent une réponse.

Parmi ces questions subsiste le problème, qui jusqu' à présent n'a pas été abordé, précisément le problème de l'essence et la place artistique de vingt- deux constructions apsidales dans les palais, dans les édifices publics et dans les maisons privées. Cherchant une réponse à ce phénomène qui n'est pas fortuit, on tira une déduction sur la provenance de la construction apsidale et sur son application à Rome, dans les centres italiques et dans l'architecture non-sacrée provinciale et balcanique.

Simultanément avec l'analyse des causes essentielles pour l'interprétation des constructions apsidales dans les édifices de Stobi, on preta une attention spéciale à la classification des types d'apsides. Dans les limites des conjectures faites dans ce domaine, on détermina les types et quelques variantes de constructions apsidales.

Dans le type I on peut inserrer les apsides éxécutées dans une masse murale grande et forte, en forme de cube ou de pa-

---

46) Ibidem, стр. 110.

ralélopipède, gravure 1. Comme exemple pour ce type on mentionne les apsides de quelques édifices à Rome, Tivoli, Timgad, Baalbeck et Trier. Exepté ce type pur, il existe aussi des apsides de la forme variante I — B avec une masse murale mi-circulaire, très renforcée, gravure 2. Comme exemple de cette variante, on peut citer d'autres constructions à Rome, Pompeï et Timgad.

Dans le type II on classe le apsides, qui sont construites avec des pilastres posés radialement comme renforcement, gravure 3. A part ce type II pur, ils existent des apsidess de forme variante II — B, avec des murs non- orthogonaux comme renforcement, gravure 4. Il existe encore la forme variante II — C, avec un mur apsidal qui s'appuie à trois points aux murs de la pièce rectangulaire, gravure 5. Comme exemple de cette variante sont citées de nombreuses constructions à Rome.

Dans le type III on pourrait ranger les apsides avec un mur mi-circulaire appuyé eulement aux murs de soutènement à épaulement, gravure 6. Comme exemple de ce type on mentionne certains édifices à Rome, Pompeï, Timgad et Trier. La forme variante III — B comprend les apsides avec des murs mi-circulaires, mais sans reforcements à épaulemant, gravure 7. On rencontre des apsides de cette variante dans des constructions à Rome, Pompeï et Timgad.

Une attenion spéciale fut prètée à ces type et variantes dans des éditices à Pola, Salonae, le palais de Dioclétien, Docléa, Poetovio, Aquae Iassae, Sirmium, Médiana, Scupi et Xante. Dans les limites d'une telle explication sur l'apparition de constructions apsidales et de leur extension, il est tout à fait comprénsible qu'une interprétation des constructions apsidales de Stobi soit nécessaire, même avec le retard d'un, deux ou trois siècles.

### — Les piéces apsidales dans le palais de Péristeria —

Le plus important complexe de Stobi découvert jusqu' à présent, nommé palais Péristéria, datant du IV—V siècle, n' était pas seulement une habitation spacieuse, mais un palais-palatium divitum — οἶκος πλουσίων, destiné à des réceptions solennelles et à la célébration de fêtes. La partie particulièrement importante de ce palais est le bloc oriental avec un atrium et un bassin, vers lequel sont orientées deux salles apsidales, gravure 8, construites l'une auprès de l'autre, mais sans communication mutuelle.

I. La première, la salle orientale, qui est un peu plus vaste, a une construction apsidale appartenant au type III. Au-dessus de cette apside on suppose une construction en forme de demiecalotte, au dessus de la partie carrée de la salle, un plafond plat en bois, et par dessus un toit à deux écoulements. Pour cette salle on suppose un éclairage basilical à moitié réduit, avec des fenêtres seulement du côté oriental. Cette salle apsidale conçue e aménagée somptueusement et luxueusement était sans doute destinée

à des fêtes solennelles, à des réceptions des cérémonies, des réunions et aussi aux tricliniums. L'apside même était destinée comme emplacement pour certaine sculpture artistique, pour quelque symoble religieux important, pour un clinium séparé, ou bien les trônes solennels de quelque, tribun municipal.

II. La seconde salle apsidale, c'est-à-dire la salle occidentale, insensiblement plus petite que l'orientale, a une apside du type III. On suppose que sur cette apside il y avait une voûte en forme de demie-calotte, au-dessus de la partie carrée de la salle un plafond plat en bois, et au dessus un toit à deux écoulements. Cette salle aussi avait un éclairage basilical à demi réduit, avec des fenêtres sur la côté ouest. Selon les éléments composants de la construction, on pourrait déduire que l'architecte et et le maitre spécialiste du mosaique avait eu l'intention de créer un édifice esthétique et de réaliser une seconde salle destinée aux mêmes fonctions que la première.

III. La troisième pièce apsidale, gravure 9, est égalemant orientée vers l'atrium, mais elle bien moins vaste que la première. L'apside de cette pièce appartient au type III — B, sans voûte en demie-calotte, tandis que sur la partie carrée existait un toit plat en bois et unee toiture à deux écoulements. Prenant en considérations les circonstances réelles, on peut prétendre qu'elle était destinée à des fonctions plus modestes et non-officielles.

## — Les piéces apsidales dans le palais Partenios —

Selon le nombre de pièces apsidales, le palais Partenios vient en deuxième lieu, mais il est conçu beaucoup plus luxueusement, il est plus somptuex comme décoration et il fut plus universellement recherché que le palais Péristéria. Ce palais est également un palatium divitum – οἶκος πλουσίων – possède deux complexes séparés avec deux péristyles et trois pièces apsidales ouvertes vers les péristyles.

IV. La grande salle apsidale est orientée vers le grand péristyle avec des colonnades sur les deux côtés, avec des bassins à cascades et un pavé en mosaique, gravure 10. Le mur apsidal de cette salle appartient à la variante II — B, et l'on suppose que sur l'apside existait une construction voûtée en demie-calotte; on suppose également, que dans les murs assez hauts de cette salle il y avai des fenêtres pour un éclairage basilical complet, et au-dessus de la salle un plafond plat en bos et un toit à deux écoulements. Jugeant d'après les ornements très luxueux des murs et du plancher, on peut prétendre que le commettant se représentait cette salle apsidale comme un lieu fastuex de réunion pour un nombre considérable de personnes, pour des réceptions, ou bien pour des festins. Cette salle conçue très esthétiquement était destinéee aux mêmes fonctions que la grande salle apsidale du palais Péristéria.

V. Dans la partie extrême nord-ouest du palais Partenios, vers le grand péristyle fut découverte une petite pièce apsidale, gravure 11. Son mur apsidal appartient à la forme variante II — C; probablement qu'au-dessus de l'apside se trouvait une construction en forme de demie-calotte, sur la partie carrée de la salle un plafond plat en bois et au-dessus un toit à un seul êcoulement. Cette pièce n'éait éclairée que du péristyle par une grande porte, car à cause du niveau élevé des rues, c'était impossible d'ouvrir des fenêtres dans les murs. La décoration en mosaique du pavé éxécutée en opus sectile et les plaques en marbre des murs, dont les vestiges sont conservés dans cette pièce, indiquent qu'elle était destinée comme salon.

VI. Dans la seconde partie du palais Partenios, vers le petit péristyle, fut découverte encore une petite pièce apsidale avec une large porte à colonnes, gravure 12. l'apside appartient à la forme variante II — C; on suppose qu'au-dessus il existait une construction en forme de demie-caotte, au-dessu de la partie carrée un plafond plat en bois, et sur l'ensemble une toiture à deux écoulements. Dans cette pièce, à cause de sa disposition, la lumière arrivait également du péristyle, étant donné que l'éclairage par des fenêtres était impossible, se trouvant entre les pièces latérales. Le pavé en mosaique éxécuté en technique opus sectile fait supposer que cette pièce était destinée à être un salon.